### СО ИЗМЕНИТЕ НА ДУП "СУДСКА ПАЛАТА 2"

# На местото на споменикот Бомба ќе се гради Кривичен суд

**Маркички за зграда на Кривичниот суд и катна гаража на булеварот Гоце Делчев, се предвидени со измените и дополнувањата на деталниот урбанистички план "Судска палата 2", кои Советот на Општина Центар ги усвои на последната седница.**



*Новата зграда на Кривичниот суд ќе има приземје и шест ката и ќе има површина од 6.118 метри квадратни*

Зградата на Кривичниот суд треба да се гради веднаш до Основниот суд Скопје 1, односно на местото на споменикот Бомба од НОВ, со кој е означено местото каде во 1941 година е донесено решение да се крене востанис против фашистичкиот окупатор. Новата зграда на Кривичниот суд ќе има приземје и шест ката и ќе има површина од 6.118 метри квадратни. Веднаш до неа и пред Институтот за македонски јазик вцртана е маркичка за катна гаража, која ќе има приземје и пет ката и во неа ќе има 500 места за паркирање.

Стојан Таневски од проектантската куќа АД "За урбанизам, проектирање и инжињеринг-ЗУМ", еден од планерите што ги правеше измените на планот, вели дека само маркичките за судот и за катната гаража се нови, додека повеќето градби се потврдени во постоечкиот габарит. Тој објаснува дека со планот е дозволена доградба и надградба на објектите на Младинскиот културен центар, Институтот за македонски јазик и Архивот на Македонија.

"На овие објекти незначително е зголемена основата, односно дозволена е доградба. За МКЦ, Институтот за македонски јазик и Архивот на Македонија дозволена е и надградба, но тоа значи пониските делови на овие згради да се изедначат со оние делови што во моментов им се највисоки. Така МКЦ ќе има приземје и два ката, Институтот за македонски јазик приземје и три ката, а Архивот на Македонија приземје и четири ката", вели Таневски.

Со измените на планот предвидено е пробивање на улицата Кеј Димитар Влахов, која треба да минува меѓу малата и големата зграда на МТВ, и покрај МКЦ да излезе на реката Вардар каде што треба да се гради нов мост.

"Меѓу судовите и МАНУ и МКЦ предвиден е зелен појас, каде е предвидено место за дислокација на споменикот Бомба, каде треба да се гради Кривичниот суд", вели Таневски.

Со планот "Судска палата 2" урбанизиран е просторот меѓу булевар Гоце Делчев на север, булевар Крсте Мисирков на запад, реката Вардар на југ и новопроектираниот крак од улицата Кеј Димитар Влахов. ***(Е.А.)***